Врз основа на член 50 став 1 точки 15 и 16 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002и „Сл. Весник на РСМ “ бр. 202/24,) член 62 став 1 точка 15 и 16 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр. 01/07, 16/14, 7/19, 7/20 и 6/25),и точка 4 од Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2026 година бр. 08-1219/9 од 03.12.2025година Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2026година бр. 08-555/12 од 15.05.2026година , Градоначалникот на Општина Крушево објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 05-652/1
08.06. 2026 год.

# ЈАВЕН ОГЛАС бр.2

за издавање во закуп на урбана опрема – 5 (пет) киосци поставени на КП бр. 4111/1 КО Крушево, м.в. Гумење по пат на јавно наддавање

## 1. Предмет на јавното наддавање

Предмет на Јавното наддавање согласно Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2026 година, урбаната опрема – 5 (пет) киосци поставени на КП бр. 4111/1 КО Крушево, м.в. Гумење, се сопственост на Општина Крушево.

Киосците поставени на м.в Гумење претставуваат урбана опрема наменета за продажба на:сувенири ,весници, цвеќиња, сладолед.

Во киосците не е дозволено вршење на дејност различна од утврдената со Програмата.

## 2. Времетраење на закупот

Согласно Програмата за измена и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2026 година, киосците се издаваат во закуп за период од **2 (две) години**, сметано од денот на склучување на договорот.

## 3. Начин на издавање

Издавањето во закуп на урбаната опрема ќе се врши по пат на јавен оглас со јавно наддавање.Постапката ќе ја спроведува Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Крушево.Јавното наддавање ќе се одржи и доколку е пријавен само еден понудувач кој ги исполнува условите и ја наддаде почетната цена.

## 4. Почетна цена и услови за наддавање

Почетната цена на месечната закупнина изнесува **3.000,00 денари по киоск**.

Минималниот чекор на наддавање изнесува **300,00 денари**.

За секој киоск ќе се спроведе посебна постапка за јавно наддавање.За најповолен понудувач ќе се смета учесникот кој понудил највисока месечна закупнина постигната на јавното наддавање.

## 5. Право на учество

Право на учество на јавното наддавање имаат сите заинтересирани физички и правни лица регистрирани за вршење на соодветна дејност во соодветен регистар согласно закон, кои ги исполнуваат условите во објавата.

## 6. Потребна документација

Понудувачите се должни да достават:

- Понуда на унифициран образец (достапен во просториите на Општина Крушево или на веб страната на Општина Крушево - www.krusevo.gov.mk)
- Потврда за регистрирана дејност издадена од Централен регистарна РСМ или соодветен документ + доказ дека припаѓа на соодветно здружение (не постар од 6 месеци)
- Изјава за прифаќање на условите наведени во огласот
- Уверение дека нема заостанати обврски кон Општина Крушево
- Уплатница на име депозите за учество на износ од **60.000,00 (шеесет илјади )денари по киоск.**

Уплатата се врши на следната сметка:
Банка: Народна банка на Република Македонија
Број на сметка : 100000000063095
Сметка на буџетски корисник : 740014057669617
Приходна шифра 725939
Програма 00

Пријавите кои нема да бидат комплетни нема да учествуваат на јавното наддавање. Уплатениот депозит за учество на најповолниот понудувач не се враќа по завршувањето на постапката, туку останува на сметката на Општина Крушево за времетраење на договорот за закуп, како гаранција за исполнување на договорните обврски. Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучување на договорот, го губи правото на враќање на депозитот.

## 7. Банкарска гаранција

Секој учесник на јавното наддавање е должен да достави банкарска гаранција во износ од 150.000,00 (сто педесет илјади ) денари. Банкарската гаранција се враќа веднаш по завршувањето на јавното наддавање. Освен на најповолниот понудувач, на кого му се враќа по склучување на договорот.

## 8. Начин и рок на доставување

Понудите се доставуваат во затворен коверт со назнака:

**„НЕ ОТВОРАЈ – ЗА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ“**

Општина Крушево
Комисија за спроведување на јавно наддавањеза издавање во закуп на урбана опрема на м.в. Гумење Крушево.

Понудите се доставуваат по пошта или лично во Архивата на општина Крушево. Пријавите за учество на јавното наддавање се поднесуваат во рок од 10 (десет) работни дена од денот на објавување на бев страната на општината и на огласна табла.

## 9. Начин на отвараање на понудите

За денот и часот на јавното наддавање учесниците ќе бидат известени на нивна контакт адресата и бев страната на општина Крушево. Отварањето на доставените понуди ќе се врши јавно. За најповолен понудувач ќе се смета учесникот на јавното наддавање кој што понудил последна цена на месечната закупнина која што претставува највисока цена постигната на јавното наддавање. Со најповолниот понудувач ќе се склучи договор по доставената банкарска гаранција. Јавното наддавање ќе се одржи и доколку по објавата се пријавил и само еден понудувач кој ги исполнува условите наведени во огласот и ја наддаде почената цена.

## 10. Право на приговор

Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор во рок од 3 (три) работни дена од денот на одржување на јавното наддавање до комисијата.По приговорот одлучува Комисијата со решение во рок од 5 (пет) работни дена од приемот на приговорот. Против решението на комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен .

## 11. Склучување на договор

Договор за закуп ќе се склучи со најповолниот понудувач кој понудил највисока конечна цена и ќе достави банкарска гаранција.

Договорен орган е Општина Крушево, со седиште на адреса Никола Ѓурковиќ 16а, електронска пошта opstinakrusevo@krusevo.gov.mk, web –www.krusevo.gov.mk.

Лице за контакт кај договорниот орган е Наташа Папакоча, e-mail ntaleska@gmail.com.

Општина Крушево
Градоначалник
Нико Чонески